Врз основа на член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 и 10/15), министерот за образование и наука донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-2574/1
17-02-2015 20 год.
СКОПЈЕ

# РЕШЕНИЕ

## за измена и дополнување на наставните планови за воспитно-образовната дејност во четиригодишното средно стручно образование

1. Со ова решение се донесуваат измените и дополнувањета на наставните планови за воспитно-образовната дејност во четиригодишното средно стручно образование и тоа:

   - Во Наставните планови за Економско - правна и трговска струка: деловен секретар, економски техничар, правен техничар и техничар за трговија и маркетинг, фондот на часовите за наставниот предмет *втор срански јазик* се намалува од три часа неделно (108 часа годишно) на два часа неделно (72 часа годишно).

2. Измените и дополнувањата на наставните планови за воспитно-образовната дејност во четиригодишното средно стручно образование ќе се применуваат од учебната 2015/2016 година и ќе се воведуваат сукцесивно почнувајќи од прва година на средното четиригодишно образование.

3. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе отпочне да се применува од учебната 2015/16 година.

## Образложение

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за средното образование образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 и 10/15), министерот за образование и наука донесува наставни планови и програми кои ги подготвува Бирото за развој на образованието.

Измените и дополнувањата на наставните планови се носат заради воедначено изучување на *вториот странски јазик* при премин на учениците од основното училиште во четиригодишното средно образование.

Со оглед на гореизнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Центар за средно стручно образование
- Бирото за развој на образованието
- Архивата

МИНИСТЕР,

Abdilaqim Ademi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 18. 02. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 14/11 | - | |

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______
______ 20 ___ год.